**БЕЛИЧЕВА, Мануела**[1] **УДК: 341.171:339.727.22(4-672ЕУ:497.7)**

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Апстракт**

Како еден од инструментите на фискална политика со кој се настојува да се постигне стабилизација на земјите кои се во преговори за членство во Европската Унија, се издвојуваат ИПА фондовите, или инструменти за претпристапна помош. Овие инструменти ги нуди Европската Унија на земјите во процес на преговори и оние аспиранти за полноправно членство во Унијата. Претпристапната поддршка ја следела динамиката на ширење на Унијата и добивала свое место како во финансиска перспектива, така и во самиот годишен буџет. Кога станува збор за овој вид финансиска помош која Унијата ја доделува на државите кандидати и потенцијални кандидати за членство, таа се доделува со цел да помогне во олеснување односно забрзување на процесот на европски интеграции во тие држави, и освен тоа, оваа помош претставува поддршка на демократските и економските реформи во земјата, кои земјата треба да ги спроведе.

***Клучни зборови:*** *Ипа фондови, помош, развој, членство во Унијата.*

**BELICEVA Manuela**[2] **UDK: 341.171:339.727.22(4-672ЕУ:497.7)**

# REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA THROUGH THE PRISM OF THE INSTRUMENT FOR PREACCESSION OF THE EUROPEAN UNION

**Abstract**

As one of the instruments of fiscal policy that aim to stabilize the countries which are in the process of negotiations for membership with the European Union, outstand the IPA funds, or instruments for pre-accession assistance. These instruments are being offered by the European union to the countries who are in the in the process of negotiations or aspiring for full membership in the EU. The pre-accession support followed the dynamic of the expansion of the Union and has been given a financial perspective and an annual budget. When it comes to this type of financial aid that the Union grants to candidate countries and potential candidates for membership, formally, the goal is to help facilitate/accelerate the process of European integration in the mentioned countries, while essentially this aid represents support for democratic and economic reforms, which the country should implement.

***Keywords:*** Funds, assistance, development, membership.

## Вовед

Пристапувањето кон Европската Унија е долготраен процес кој се одвива во повеќе фази. Најпрво, државата којашто е заинтересирана за членство во Унијата, потребно е да ги исполни условите за членстпредвидени во чл. 49 од Договорот за Европската Унија и се разбира, и Копенхашките критериуми, врз основа на кои ќе потврди дека е способна да ги преземе обврски кои произлегуваат од европското право

[1] Мануела Беличева е студент на втор циклус на Правни студии на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија. Email: manuela.071904@student.ugd.edu.mk

[2] Manuela Beliceva is an MA student in Legal studies at the Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia. Email: manuela.071904@student.ugd.edu.mk

и европскиот правен поредок. Копенхашките критериуми вклучуваат стабилна демократија и владеење на правото, функционално пазарна економија, како и прифаќање на целокупното законодавство на ЕУ, вклучувајќи го и еврото, во една подоцнежна фаза. Земјата која изразува желба да пристапи кон Европската Унија поднесува барање за членство до Советот на ЕУ, кој бара од Комисијата да оцени дали подносителот на барањето ги исполнува критериумите за пристапување. Понатаму, врз основа на мислење од Комисијата, Советот одлучува да ѝ додели статус на земја кандидат за членство во Унијата. Со оглед на широкиот опсег на правила и прописи коишто постојат во европското право, во однос на кои секоја држава кандидат потребно е да се усогласи односно да го хармонизира сопственото законодавство, оттука процесот на пристапување кон Унијата, може да трае подолго време. За време на овој период земјите кандидати добиваат финансиска, административна и техничка помош, сè со цел да ги остварат потребните реформи.

Што се однесува до Република Северна Македонија, таа има поднесено барање за членство во Европската Унија на 22 март 2004 година, при што Европската Комисија на 9 ноември 2005 година се произнесе со позитивно мислење во однос на барањето за членство во Унијата, и му препорача на Советот да ѝ се додели статус на земја кандидат. Во декември истата година, Советот ја усвои препораката и Македонија стана официјално земја кандидат. Подоцна во 2008 г., Советот го усвои Пристапното партнерство со РСМ, врз основа на кое утврди нови приоритети за делување, приспособени на посебните потреби и фази за подготовка на земјата, по што во октомври 2009, Европската комисија му препорача на Советот да го отвори процесот на преговори со Македонија. За жал, одлуката не беше усвоена од Советот, заради поставеното вето од страна на Грција. Но, и покрај ставот на Советот, Комисијата во периодите до 2015 година, постојано изготвуваше позитивен извештај за Република Северна Македонија, сè додека во 2015 (и 2015), таа не ја услови земјата дека за напредок во евроинтеграциските процеси потребно беше државата да ги спроведе предвидените реформи, како и да продолжува со спроведување на договорот од Пржино, односно на политичкиот договор со кој главните странки во Северна Македонија се обврзаа на почитување на демократски начела и се договорија да воспостават преоден период кој ќе се заврши со слободни и чесни избори.

Следствено на реформите и на политичките промени кои настанаа во државата, како и на промена на името, Советот во јуни 2018 година, усвои заклучоци со кои се сложи позитивно да го оцени напредокот на Северна Македонија и да го отвори патот кон пристапните преговори во јуни 2019 година. Советот, исто така истакна дека е потребно Северна Македонија да продолжи да остварува конкретен напредок во одредени клучни подрачја, како што се борба против корупцијата и реформа на правосудството, разузнавачки и безбедносните служби, како и во јавната администрација. Подоцна, во март 2020 година, се постигна делумно политички договор за отворање на претпристапни преговори со Албанија и Северна Македонија, но за жал, овој пат преговорите беа блокирани од страна на Република Бугарија, заради новонастанатиот политички спор врзан со македонскиот идентитет, историја и јазик. Оттука, со цел да се даде елан на интегративниот процес Советот донесе одлука да го отпочне процесот на претскрининг на различните поглавја, пред официјално да пристапи кон преговори, кои во моментот се сè уште во фаза на застој заради бугарското вето. Заклучно март 2023 година, се одржаа шеснаесет состаноци на Советот за стабилизација и асоцијација на ЕУ и Северна Македонија. На последниот, одржан на 17 март 2023 во Скопје, учесниците разговараа за односите на ЕУ и Северна Македонија и согледаа напредок постигнат во однос на стратегијата на пристапување, која вклучува политички и економски критериуми за членство во ЕУ и критериуми поврзани со правото на ЕУ.

Основна алатка на Европската Унија за државите кои поминуваат низ процесот на проширување во периодот од 2007 година до денес е таканаречениот Инструмент за претпристапна помош или познат уште како ИПА инструмент (Instrument for

Preacession). Неговата главна цел е да им помогне на земјите кандидати и на потенцијални кандидати за подготовка за идно членство, односно за забрзување на реформските процеси и механизми како и за постигнување на европски стандарди. Во тој контекст, овој инструмент дава финансиска поддршка, која со постоечките буџетски средства, заеми и останати донаторски фондови, државите кои се во процес на проширување, истите ги користат со цел да одговорат на предизвиците кои ги наметнува интеграцијата. Претпристапната поддршка е составен дел од Процесот за стабилизација и асоцијација за државите на Западен Балкан.

## 1. Инструменти на ЕУ за помош на државите членки и земји кандидати

Европската Унија е фамилија составена од демократски држави кои работат заедно со цел подобрување на животот на нивните граѓани и градење на подобро место за живот. За само половина век, Европската Унија има постигнато мир и просперитет во Европа, единствена валута (евро), слободен прекуграничен и единствен пазар на стоки, услуги, лица и капитал. Европската Унија е најголемата конфедерација на независни држави во светот, основана под ова име во 1992 година со договорот за Европска унија. Сепак многу аспекти од Унијата постоеле и пред оваа година преку серија на претходни договори, кои датираат уште од 1951 година. Активностите кои ги спроведува Европската Унија ги покриваат сите области на јавната политика, од здравството и економската политика до надворешната политика и одбраната. Во зависност од областа за која станува збор, Европската Унија може да претставува (Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2012):

- Федерација (на пример во монетарните работи, во аграрната, трговската и еколошката политика)
- Конфедерација (на пример во социјалната и економската политика, заштитата на потрошувачите, внатрешните работи)
- Меѓународна организација (на пример, во надворешните работи).

Европската Унија е заедница основана со идејата за подобар живот на населението, како простор каде нема да има разлики меѓу регионите, а просторот на економска слобода го подобрува економското делување. Поттикнувањето на економска соработка се смета за основа за хомогенизирање на регионите и најдобар начин за сузбивање на потенцијални идни судири во регионот. Владеењето на правото е основа на која е заснована, а договорите и сите други документи, како што се договори на сите членки кои се однесуваат на целите и насоките во кои се движи заедницата, а за кои заеднички се одлучува меѓу членките на Унијата, се појдовна точка за сите дејствувања.

Европските структурни и инвестициски фондови се сметаат за најголем регионален инвестициски извор на подрачјето на Европа кои содржат потенцијал за остварување на поддршка за социјална вклученост и политики кои се борат против сиромаштијата, поттикнуваат општествени иновации и намалуваат социјални и економски разлики помеѓу регионите во ЕУ[3].

Европските инвестициски и структурни фондови се главен финансиски инструмент за спроведување на кохезиска политика на Европската Унија, а за која се заклучило дека таа служи за намалување на социјални и економски разлики во земјите и регионите на Европската Унија. Значи, споменатите фондови играат важна улога во растот и развојот на иницијативи и проекти, кои го поткрепуваат економскиот раст на европските региони, подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во земјите членки, создавање на работни места и одржлив развој. Што се однесува до

[3] Види повеќе на: Evropska komisija, Evropski strukturni investicijski fondovi za razdoblje od 2014 do 2020, Bruxelles, Ured za publikacije Europske unije, 2016, https://commission.europa.eu/funding-tenders/find-funding/funding-management-mode/2014-2020-european-structural-and-investment-funds_hr

финансирање на наведените фондови, тоа се врши исклучиво од буџетот на Европската Унија за чиј придонес имаат сите земји членки (Molle, 2007).

Важно е да се напомене дека цел на европските фондови не е замена на локална и регионална политика на вложување во земјите со нивно дејствување, туку тоа се гледа во придонесот на кофинансирање за да се отвори можност на земјите членки на ЕУ да поставаат дополнителни стратешки цели во областа на реформите. Европските фондови функционираат на тој начин, што како основа се поставува поврат на трошоците на проектот, а не да се оствари по пат на префинансирање на некоја иницијатива. За проектот да се класифицира како прифатлив за остварување на финансиска поддршка на ЕУ, потребно е да се обезбеди одреден износ на средства од други извори како што се локални, регионални или национални власти или може тоа да се оствари по пат на приватен сектор.

## 2. Инструменти за претпристапна помош

Зборот ИПА претставува кратенка од англискиот збор Instrument for pre-accession assistance, што значи Инструмент за претпристапна помош. Тоа е инструмент со кој Европската Унија им помага на државите кандидатки на нивниот пат кон членство во ЕУ. ИПА претставува неповратна помош за државата кандидат, но таа подразбира исто така и кофинансирање од страна на државата кандидат, при што државата кандидат е должна да издвои средства од сопствениот буџет, коишто ќе ги намени за спроведување на договорените реформи. Овој инструмент е воспоставен со Регулативата на Европскиот совет од 2006 година и ги обединил претходните инструменти на претпристапна помош како PHARE, SAPARD, ISPA, CARDS.

Интегрираниот пристап на Инструментот за претпристапна помош се гледа преку самата структура за помош која е сочинета од 5 компоненти, чија намена е токму да пружи ефикасна помош на секоја земја во зависност од нејзините развојни потреби и во зависност од напредокот во процесот на европската интеграција. Компонентите на ИПА за периодот 2007-2013 беа следните:

- Транзициска помош и изградба на институции
- Прекугранична соработка
- Регионален развој
- Развој на човечки ресурси
- Рурален развој.

Пристапот до овие фондови беше различен за земјите кандидати и земјите потенцијални кандидати. За потенцијални кандидати, Европската комисија им дозволи користење на првите две компоненти од ИПА во периодот од 2007 до 2013 година, додека видовите проекти и активностите од компонентите 3, 4 и 5 беа поддржани преку Компонентата 1. Од друга страна, земјите кандидати за членство во ЕУ во наведениот период ги користеа средствата од сите 5 компоненти.

Што се однесува до областите кои се покриени со Инструментот за претпристапна помош, земјите потенцијални кандидати за членство во ЕУ ќе продолжат да примаат помош во областите слични на претходната програма и тоа:

- Изградба на институции и демократизација
- Економски и социјален развој
- Регионална и прекугранична соработка
- Усогласување со правниот сектор на актите на ЕУ и тоа пред сè во областите од заеднички интерес за ЕУ и земјата корисник на помошта.

Земјите кандидати за членство во ЕУ ќе ја користат помошта во наведените области, но за разлика од земјите потенцијални кандидати, ќе ја користат помошта и во процесот на подготовка за имплементација на структурни и кохезиони фондови после влез во членството. Исто така, помош во рамките на ИПА ќе биде користена за целосна имплементација на правни текови во ЕУ.

До сега ИПА имала три финансиски рамки, ИПА 1 за период од 2007-2013 година, ИПА 2 за 2014-2020 и ИПА 3 за период 2021-2027 година. Сите три се спроведуваат под директно управување од страна на ЕУ и/или Делегацијата на ЕУ, или под индиректно управување од страна на земјите корисници или меѓународни агенции/институции.

## 3. Република Северна Македонија и Европската Унија

Спроведувањето на ИПА подразбира дека Комисијата и земјите кориснички потребно е да потпишат спогодби со цел да ги утврдат начелата на нивната соработка. Република Северна Македонија и Европската комисија потпишаа една ваква рамковна спогодба, која беше ратификувана од Собранието на РМ на 30 јануари, 2008 година, и стапи на сила на 4 март 2008 година, и тоа за првите четири ИПА Компоненти.[4]

Целите на ИПА се мултидимензионални. Прво, во општите црти таа има за цел да ги подготви земјите за пристапување преку усогласување со европскиот acquis. Второ, целта е да се поттикне одржлив економски развој во прекуграничните области преку отстранување на регионалните економски диспаритети, при што на тој начин ќе се подобри животот на граѓаните. Трето, целта на ИПА е да се зајакнат административните капацитети во апсорбирање на овие фондови. ИПА програмата е особено наменета за развој на капацитетите на корисниците и локалните капацитети со цел да им се помогне да ги исполнат критериумите за добивање на членство во ЕУ (Ѓеорѓиевски, 2008).

Согласно тоа, општините на Република Северна Македонија, во овој прв период на ИПА I беа квалификувани да поднесат предлог проекти во компонентата 2 во надлежност на Министерството за локална самоуправа и во компонента 5, во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за компонентата 5. Но, општините исто така можеа да аплицираат за ИПА грантови според другите три компоненти, кога соодветното министерство ќе објавеше повик за апликации.

Владата на Република Северна Македонија го воспостави Системот за децентрализирано управување (ДИС) за имплементација на првите четири ИПА компоненти во согласност со акредитациските критериуми утврдени во Анексот на Регулативата на Европската комисија бр.718/2007, со цел[5]:

- Да се управува со средствата на ефективен, економичен и ефикасен начин
- Телата на Оперативните структури за првите четири ИПА компоненти да ја вршат својата работа во согласност со законите и другите релевантни правни акти
- Превентивно да се делува против неправилностите и измамите кои би можеле да се појават во донесување на финансиски одлуки, односно вршењето на финансиски трансакции
- Да се обезбеди редовно, навремено и веродостојно известување и прибирање на информации со цел носење на одлуки и вршење на контрола.
-

Сите тела и надлежни органи кои беа потребни за да функционира системот за децентрализирано управување со ИПА средствата беа официјално именувани. На тие тела и надлежни органи им беа доделени надлежности, преку потпишување на договори, со кои се утврдува улогата и обврските во управувањето, имплементацијата и контролата на средствата од ИПА помошта во рамки на системот за децентрализирано управување.

Што се однесува пак конкретно до Системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Македонија, тој е составен од следниве органи и структури:

- Национален ИПА координатор

[4] Достапно на http://www.sep.gov.mk/content/?id=19#.UlP801OkO1s, посетено октомври 2023
[5] Достапно на https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=2421, посетено октомври 2023

- Стратешки координатор за III и IV компонента
- Надлежен координатор за акредитација
- Национален координатор за авторизација
- Национален фонд
- Оперативна структура
- Ревизорско тело.

Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош, ги врши работите кои се однесуваат на финансиско управување со претпристапни фондови на Европската Унија за Република Северна Македонија, отворање и управување со банкарските сметки, аплицирање за средства од Европската комисија, одобрување трансфер на средства добиени од Европската комисија до оперативната структура, финансиско известување до Европската комисија, работи непосредно поврзани со Националниот координатор за авторизација во однос на законитоста и регуларноста на извршените трансакции пред Европската Унија и обезбедување ефективно функционирање на системите за управување и контрола на користењето на ЕУ фондовите и други работи поврзани со работата на Националниот координатор за авторизација. Согласно Регулативата за имплементација на ИПА, Националниот координатор за авторизација назначен од страна на Владата на Република Северна Македонија е одговорен за финансиско управување на помошта од ИПА и за обезбедување на законитоста и регуларноста на трошоците. Управувачката структура составена од Националниот фонд и Структурата за поддршка на Националниот координатор за авторизација, даваат поддршка при извршување на функциите на Националниот координатор за авторизација[6].

Согласно финансиската регулатива управувањето со помошта ИПА може да се спроведе преку:

- Директно управување
- Поделено управување
- Индиректно управување.

Финансирањето може да се спроведе преку финансиски спогодби помеѓу Комисијата и земјата корисничка, договори за набавка или договори за грант со национални или со меѓународни тела од јавниот сектор или со физички и правни лица одговорни за спроведување на активноста, или преку договори за вработување. За прекугранични програми со земјите членки задачите за спроведување можат да им се делегираат на земјите членки и во тој случај тие се спроведуваат преку заедничко/поделено управување[7].

Согласно ИПА регулативата се основа ИПА Комитет, кој што е составен од претставници на земјите членки и со него претседава претставник на Комисијата и Националниот ИПА координатор од земјата корисник. Комитетот се состои од претставници на Комисијата, Националниот ИПА координатор и други релевантни национални органи и тела на корисникот на ИПА II и каде е соодветно, меѓународни организации, вклучувајќи ги и меѓународните финансиски институции и други засегнати страни, како што е граѓанското општество и организации од приватниот сектор.

При индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, се формираат секторски комитети за следење од страна на корисникот на ИПА II според областа на политика или според програма.

[6] Достапно на https://finance.gov.mk/%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BE%D0%B4/, посетено октомври 2023

[7] Управување со ИПА II, https://aaipa.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/UpravuvanjeIPA2.pdf

## 4. Имплементација на ИПА проектите во РСМ

Како што споменавме претходно, ИПА е главниот финансиски инструмент на ЕУ за поддршка на структурните реформи во земјата.

До 2007 година, Европската Унија вложила 1,3 милијарди евра, додека во ИПА 1 за периодот 2007-2013 година, при што средствата што биле вложени се во обласа на владеење на правото и основните права, демократии и добро управување, заштита на средината и одржлива поврзаност, економски раст и човечки капитал, земјоделие и рурален развој. Според податоците, од вкупната планирана помош на ЕУ за државата во период 2007-2013 година, биле предвидени 619.794.257,81 евро, при што биле предмет на договор 478.459.905,00 евра, што претставува 77,20%. Исплатени биле 427.126.925,00 евра или 89,27% од договорениот износ, со што финансиската рамка за ИПА 1, 2007-2013 година се смета за затворена. Според Секретаријатот за европски прашања, ИПА 1 програмата целосно завршила во 2020 година, при што од примени 604 милиони, вкупно се искористени 75%. Тие средства вклучуваат и средства за прекугранична соработка со соседите и ИПАРД програмата.

Што се однесува пак до пресекот за реализацијата на ИПА фондовите за периодот 2014 – 2020, тој е следен: во тек е реализација на програми од 633 милиони евра, од кои склучени се договори за 421 милион евра, додека исплатени се 308 милиони евра. Поради доцнење во набавка и спроведување на проектите од ИПА 2 за период 2014-2020, кои се однесуваат на секторот животна средина и сообраќај и со кои управуваат националните власти, Македонија не ги искористила доделените средства, односно изгубила 24 милиони евра кои ги враќа во општиот буџет на Европската комисија[8]. Програмата ИПА 2, 2014-2020 година, сè уште е во фаза на спроведување, а приоритетните сектори за финансирање во овој период се: *демократија и управување, владеење на правото и основните права, животна средина и климатски активности, сообраќај, конкурентност и иновации, општествен развој, земјоделие и рурален развој и регионална и територијална соработка*. Според Секретаријатот за европски прашања, оваа ИПА ќе се спроведува до 2026 година, а во моментот има неискористеност од околу 3,5% средства, предвидени за овие програми.

Што се однесува до ИПА 3 програмата, 2021-2027 година, таа е покрената, а средствата кои ќе бидат поделени зависат од успехот на секоја земја во предлагање зрели проекти. Оваа ИПА генерација според Секретаријатот за европски прашања, е во фаза на програмирање и до сега се програмирани програми за ИПА 2021, 2022 и 2023 во вкупен износ од 242.950.000 евра. Во тек е програмирање на Годишна програма ИПА 2024 во износ од 80 милиони евра и ИПАРД 3, каде е најавена алокација од 97 милиони евра за сите 7 години и алокација за прекугранична соработка.

## Заклучок

Европската Унија е основана со јасна намера, а тоа е јакнење на мирот и промовирање на просперитет и европски вредности на европскиот континент. Европската Унија им помага на земјите да станат конкурентни пазарни економии и како дел од тоа, поддржува економски реформи. Подготовката на земјите за членство значи пружање помош за јакнење на институционалните капацитети, унапредување на инфраструктурата со комбинација на неповратни средства (фондови) и кредити од меѓународни финансиски институции, пружање техничка и финансиска помош во спроведување економски, политички и социјални реформи. Земјите со статус кандидат и земјите со статус потенцијални кандидатки за членство во ЕУ, на својот пат кон европска интеграција имаат обврска да исполнат низа критериуми и барања кои се усогласени преку меѓународни договори.

[8] Изјава од Делегацијата на ЕУ во Скопје, за Слободен печат, достапна на https://www.slobodenpecat.mk/hr/makedonija-izgubi-24-milioni-evra-od-evropskite-fondovi/, посетено октомври 2023

Република Северна Македонија е корисник на фондовите на Европската Унија од 1996 година, во рамките на програмите PHARE и CARDS, а од 2007 година, после воведување на Инструментот за претпристапна помош, Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ, добила можност за користење на сите пет компоненти од тој инструмент, како и дополнителни програми за финансирање на заедницата. Македонија во однос на користење на средствата на ИПА е послаба во споредба со други земји, а тоа пред сѐ се должи на слабиот институционален капацитет, недоволно искуство на приватниот сектор со вакви фондови, како и немање на соодветни обуки за нив. Желбата на земјите да се вклучат во големото семејство кое го сочинуваат земјите членки на ЕУ бара одредено приспособување за секоја земја поединечно. Немаат сите земји исти услови, можности или ресурси за да може да се сведат во иста положба. Од таа причина во трудот се анализирани доделените средства во одредени години (во согласност со податоците пронајдени на интернет) во компонентите. Анализирајќи ја искористеноста на средствата јасно се гледа дека се јавувале одредени проблеми при повлекување на средствата, со што искористеноста на доделените средства не била на високо ниво. Позитивниот исход е тоа што на земјите потенцијални кандидати добар дел од периодот во кој се користел ИПА инструмент имале многу подобри перформанси, отколку пред да ги користат фондовите, односно поквалитетно ги користеле доделените средства од земјите кои биле кандидати за влез во ЕУ.

**Користена литература**

Bachtler, J., (2016), Cohesion policy, Glasgow

Baun, M., Marek, D., (2014), Cohesion policy in the European union, Palgrave

Belic, M., (2008), EU fondovi,Vodic kroz evropske fondove, 2008-2013, Zagreb

Cota, A., (2011), Predpristupni fondovi EU I Republika Hrvatska, Zagreb

Damjanovski, I., (2023), Analysis of public opinion on North Macedonia accession to the EU (2014-2022), Institute for democracy

European climate, Infrastructure and environment executive agency, Bruxelles, CINEA, 2021

European commission, EU funding programs

European Communities, The European agricultural fund for rural development, Maastricht, European communities, 2009

Evropska komisija, Evropski strukturni investicijski fondovi za razdoblje od 2014 do 2020, Bruxelles, Ured za publikacije Europske unije, 2016

Fetai, M., Makedonija I Europska unija, Medjunarodne studije, god.IV, br.2 2004

IPA Instrument za pretpristapnu pomoc, Novi focus za pomoc koju EU daje za prosirenje, Evropska komisija, Luksemburg 2010

Jovancevic, R., (2005), Ekonomski ucinci globalizacije I Europska unija, Zagreb

Knezevic, I., Utjecaj EU fondova na gospodarstvo RH, Split, 2016

Lepotic, M., (2017), Analiza koristenja instrumenata pretpristupne pomoci (IPA) u zemljana jugoistocne Europe, Pula

Miric, O., (2010), The regional policy of the European Union as an engine of economic development, European Movement in Serbia

Misura, M., (2016), Koristenje fondova EU u poticanju gospodarske prekogranicne suradnje, Split

Molle, W., (2007), European Cohesion policy, Oxon, Routledge

Pejovic, A., (2011), IPA Instrument za predpristupnu pomoc EU 2007-2013, Evropski pokret u Srbiji, Beograd

Pejovic, A., (2020), Instrument pretpristupne podrske EU 2007-2027, Zagreb

Pejovic, A., Lazovic, M., Miric, O., Knezevic, I., (2014), IPA, Vodic kroz Instrument za pretpristupnu pomoc EU 2014—2020, Evropski pokret Srbija, Beograd

Soric, S., (2018), Europski pogled na subdrugost Makedonije, Zadar

Stephenson, P.,(2020), Financial accountability in the European union, London

Sto donosi Instrument pretpristupne pomoci 2021-2027, IPA III, Sarajevo 2021

The enlargement process and the three pre-accession instruments, Phare, ISPA, SAPARD, European commission enlargement directorate general, Brussels, 2002

Tufekcic, M., (2013), Politike I fondovi 2014-2020, Zagreb

Uspesi I neuspesi pretpristupne politike EU na Balkanu, Balkanska mreza za razvoj gradjanskog drustva, Makedonija 2009

Zwet, A., (2017), Integrated territorial and urban strategies, Luxembourg, Publication office of the European Union

Дамјановски, И., (2022), Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ (2014-2016), Институт за демократија, Скопје

Ѓеорѓиевски, М., (2008), ИПА, Патот до успешен старт користејќи ги ИПА и другите ЕУ фондови, со цел да се забрза приближувањето и интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ, Будимпешта

Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторската работна група за правда, за период јануари 2019-февруари 2020, ФООМ

Извештај во сенка, од следењето на работата и ефектите на секторската работна група за реформа во јавна администрација, за периодот јануари 2019-февруари 2020, ФООМ

Јуруковски, Р., Кацарска, С., (2013), ИПА дата, информации за искористеноста на ЕУ фондовите, Метаморфозис

Како работи ЕУ, Опис на Европската Унија, Вашиот водич низ институциите на ЕУ, 2012 година

Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста за 2021 година на Министерството за финансии, функции на државата, Државен завод за ревизија, Скопје 2022

Користење на ИПА фондовите во Република Македонија, Како до зголемена ефикасност и ефективност, документ за јавна политика, Институт за европска политика, Скопје 2013

Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија, Ефикасност, влијание и апсорпционен капацитет, Збирка на студии, Институт за европска политика, 2012

Никодиновска Крстевска, А, Тушевска Гавриловиќ, Б., и Кошевалиска О., (2019) Европска Унија: право и политики, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Стратешки план на Ревизорското тело за ревизија на ИПА 2023-2027, Скопје 2023

**Закони и уредби**

Закон за ревизија на ИПА, Службен весник на РМ бр.66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16, 83/18, Службен весник на РСМ 251/22

Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија, застапувана од страна на Владата на РМ и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за РМ во рамките на спроведување на помошта според ИПА (ИПА 2), Службен весник на РМ, бр.99/2015

Регулатива за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на ИПА, Службен весник на РСМ, бр.88 од 25.04.2023

Регулатива за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со ИПА (ИПА 2), Службен весник на РМ, бр.54/2016

**Интернет страни**

Cohesion fund, достапно на https://ec.europa.eu/regional_policy/funding/available-budget_en, посетено октомври 2023

Europa, Summaries of EU Legislations, Phare Program, http://europa.eu/legislation_summaries/enlargement/2004_and_2007_enlargement/e50004_en.htm, посетено октомври 2023

http://www.ijf.hr/pojmovnik/pretpristupni.htm, посетено март 2024

https://aaipa.gov.mk/%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%81/, посетено март 2024

https://www.apprrr.hr/ipard-sapard-arhiva/, посетено март 2024

https://www.eu-projekti.info/analiza-iskoristenosti-fondova-eu-2, посетено март 2024

University of Pittsburgh, Archive of European Integration, достапно на https://zir.nsk.hr/islandora/object/unipu:2074/preview, посетено октомври 2023

Веб страна на Секретаријат за европски прашања

Достапно на https://www.dw.com/sr/cards-program/a-3863505, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/page/?id=1120, посетено октомври 2023

Достапно на http://www.sep.gov.mk/content/?id=19#.UIP801OkO1s, посетено октомври 2023

Достапно на https://360stepeni.mk/ekskluziven-ipard-klub-koj-gi-ora-fondovite-na-eu-vo-albanija-i-severna-makedonija/?fbclid=IwAR2nEJ-n_DaW8cwuOtv_uqPUIKLjLrmxr1KFIBvQ1y5SYwZ4Eb356u3TnyQ, посетено октомври 2023

Достапно на https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=2153, посетено октомври 2023

Достапно на https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=2421, посетено октомври 2023

Достапно на https://dijalogkoneu.mk/instrument-for-pre-accession-assistance-ipa-iii-2021-2027, посетено октомври 2023

Достапно на https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/hr/IP_18_4049, преземено октомври 2023

Достапно на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/ALL/?uri=LEGISSUM:4314937, посетено октомври 2023

Достапно на https://europa.eu/next-generation-eu/index_en, посетено октомври 2023

Достапно на https://finance.gov.mk/%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BE%D0%B4/, посетено октомври 2023

Достапно на https://mfa.gov.mk/mk/page/6/eu-chlenstvo, посетено октомври 2023

Достапно на https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/overview-instrument-pre-accession-assistance/north-macedonia-financial-assistance-under-ipa_en посетено октомври 2023

Достапно на https://www.consilium.europa.eu/hr/policies/enlargement/republic-north-macedonia/?fbclid=IwAR3ss6QHXg3teabtdUE6LZL4H1A2xjKxvanIPBvQIC2ja5o_7j0pbWExpOI, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.consilium.europa.eu/hr/policies/enlargement/, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.europarl.europa.eu/factsheets/hr/sheet/52/socijalna-politika-i-politika-zaposljavanja-opca-nacela, преземено октомври 2023

Достапно на https://www.mei.gov.rs/srl/fondovi/fondovi-evropske-unije/ipa-instrument-za-pretpristupnu-pomoc/instrument-za-pretpristupnu-pomoc-2014-2020/, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/post/?id=13484, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/post/?id=18, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/post/?id=19, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/post/?id=21, посетено октомври 2023

Достапно на https://www.sep.gov.mk/post/?id=22, посетено октомври 2023

Изјава од Делегацијата на ЕУ во Скопје, за Слободен печат, достапна на https://www.slobodenpecat.mk/hr/makedonija-izgubi-24-milioni-evra-od-evropskite-fondovi/, посетено октомври 2023

Управување со ИПА II, https://aaipa.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/UpravuvanjeIPA2.pdf